РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-624/8
26.02.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 7. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 18.2.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Цветанка Миновска и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Афрона Врзиволи (годишен одмор), Петар Џуровски (боледување).

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска-Довлева, м-р Арѓенд Џелили, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, д-р Ивана Стојановска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 7. седница на Советот. Седницата почна во 11:10 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Претседателот Стефановски, во врска со предложениот дневен ред, појасни дека Точка 3 - „Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Едо ДООЕЛ с. Љубин, Сарај, поради прекршување на член 62 од ЗААВМУ“ – се повлекува од дневниот ред, бидејќи субјектот во меѓувреме ги исполнил законските услови.

Дополнително, од Точка 2 се повлекува третиот предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТВ Шутел од Скопје. Со повлекувањето на Точка 3, останатите точки од дневниот ред ќе бидат соодветно пренумерирани.

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, образложи дека Точката 3 се повлекува од дневниот ред бидејќи ТРД ТВ Едо ДООЕЛ с. Љубин, Сарај се усогласил со одредбите од член 62 од ЗААВМУ, односно ги исполнил минималните кадровски услови утврдени со Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Воедно, предложеното покренување постапка за одземање на дозволата на ТВ Шутел се повлекува, со оглед дека радиодифузерот во меѓувреме го подмирил годишниот надоместок за дозволата, согласно доставената фактура за 2026 година.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот корегиран:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување Предлог-записник од 6. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 5.2.2026 година.
2. Предлози за покренување постапки за одземање на дозволата за ТВ и РА емитување на радиодифузери.
3. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Радиодифузното трговско друштво Телевизија Сонце ДООЕЛ Прилеп.
4. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка - услуга: превентивно и адаптивно одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка - услуга: одржување на противпожарна спринклер инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и одржување на ПП апарати.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и со 4 гласа „за“ и еден глас „воздржан“ од м-р Сашо Стефановски го усвои предложениот Записник од 6. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 5.2.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Претседателот на Советот, Стефановски, во однос на предлозите за покренување постапки за одземање на дозволите за телевизиско и радио емитување на радиодифузерите, предложи да се даде едно заедничко образложение за сите три предлози, имајќи предвид дека се однесуваат на иста одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по што ќе се пристапи кон нивно поединечно изјаснување и гласање.

Директорот Трајчевски појасни дека ТВ Едо, ТВ МТМ и РА 99 не ја подмириле финансиската обврска кон Агенцијата по основ на годишниот надоместок за соодветната дозвола. Согласно законот, крајниот рок за плаќање е 30 дена од денот на доставување на фактурата, а тој рок е истечен. ТВ Едо извршило делумна уплата во висина од околу 90% од вкупниот износ, додека ТВ МТМ и РА 99 воопшто немаат извршено уплата. Тој дополнително образложи дека, согласно законот, Советот треба да започне постапка за одземање на дозволата, со што на радиодифузерите им се дава дополнителен рок од 15 дена за подмирување на долгот. Доколку во тој рок обврската биде подмирена, Советот ќе донесе решение за запирање на постапката. Во спротивно, законска обврска е да се донесе одлука за одземање на дозволата на радиодифузерите кои не го подмириле долгот кон Агенцијата.

Претседателот Стефановски праша дали, пред покренување на постапката, стручната служба ги контактирала телевизиите и радиото со цел да ги потсети на обврската за плаќање, за да се избегне одземање на дозволата и евентуални несакани последици.

Директорот Трајчевски појасни дека не само овие медиуми, туку сите радиодифузери редовно се контактираат телефонски од страна на Секторот за финансии и логистика и повеќепати се потсетуваат на нивната законска обврска за навремено подмирување на надоместокот.

*Гласање по Точка 2.1*

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТВ ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, УП1 бр.08-14 од 7.9.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2026-100-0008 од 12.1.2026 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување ТВ ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, УП1 бр.08-14 од 7.9.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

*Гласање по Точка 2.2*

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје (ТРД Прва Скопска Телевизија ДООЕЛ Скопје), УП1 бр.08-16 од 7.9.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2026-100-0010 од 12.1.2026 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје (ТРД Прва Скопска Телевизија ДООЕЛ Скопје), УП1 бр.08-16 од 7.9.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

*Гласање по Точка 2.3*

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на РТД Радио 99 ДООЕЛ Скопје, УП1 бр.0802-37 од 7.2.2024 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2026-100-0026 од 12.1.2026 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на РТД Радио 99 ДООЕЛ Скопје, УП1 бр.0802-37 од 7.2.2024 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

**Точка 3**

Директорот Трајчевски го образложи предложеното Решение за бришење од Регистарот на радиодифузери на Радиодифузното трговско друштво Телевизија Сонце ДООЕЛ – Прилеп. Појасни дека оваа постапка произлегува од претходно донесената одлука на Советот за одземање на дозволата на овој радиодифузер, кој уште од 10 декември минатата година престанал со емитување на програма. Согласно законот, по одземањето на дозволата, Советот е должен да донесе решение за бришење на радиодифузерот од регистарот што го води Агенцијата. Притоа, истакна дека предложената точка има технички карактер.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Радиодифузното трговско друштво Телевизија Сонце ДООЕЛ Прилеп.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Директорот Трајчевски го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка -услуга: Превентивно и адаптивно одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење. Објасни дека Секторот за финанси и логистика и Секторот за правни работи и јавни набавки овој софтвер го користи долги години. Софтверот е изработен од фирмата „Горд Системи Сервиси" ДООЕЛ Скопје, и оваа постапка се реализира со преговарање бидејќи тие го поседуваат изворниот код и овој софтвер е изработен од нивна страна. Тоа е неопходно за да може секторите да ги извршува своите секојдневни работни обврски.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, појасни дека предметната јавна набавка е предвидена во Годишниот план за јавни набавки, а средствата за нејзина реализација се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата.

Имајќи предвид дека Агенцијата не го поседува изворниот код на интегрираниот софтвер, постапката е потребно да се спроведе со преговарање со Друштвото „Горд Системи Сервиси" ДООЕЛ Скопје, кое е сопственик на изворниот код и од кое Агенцијата го набавила софтверот во 2015 година. Од тие причини, набавката ќе се реализира со примена на постапка со преговарање без објавување оглас. Притоа, пред отпочнување на постапката, односно пред доставување покана до економскиот оператор за поднесување понуда, ќе биде потребно Бирото за јавни набавки да даде одобрување дека во конкретниот случај се исполнети законските услови за спроведување на овој вид постапка согласно Законот за јавни набавки.

Советничката Зирјета Јајага праша дали постои ограничување во однос на висината на цената на услугата, односно дали има законски или друг вид лимит за нејзино зголемување.

Раководителката Митревска појасни дека не постои формално ограничување во однос на висината на средствата. Посочи дека во изминатите години цената се движела во слични рамки. Согласно видот на постапката, ќе се спроведе процес на преговарање без објавување оглас, при што комисијата ќе преговара со економскиот оператор, по што ќе се утврди дали ќе биде постигнато евентуално намалување на понудената сума. Договорот што ќе произлезе од оваа јавна набавка ќе се склучи за период од една година.

Советничката Зирјета Јајага праша дали може да се побара поголема сума на средства и колкаво би можело да биде тоа побарување.

Раководителката Митревска објасни дека, доколку економскиот оператор побара поголема сума, ќе се применуваат одредбите од Законот за јавни набавки за дообезбедување средства, при услов дека се исполнети законските критериуми. Сепак, како што истакна, вообичаено не се оди над предвидената сума, бидејќи во претходните години преговорите со овој економски оператор не покажале значително отстапување, ниту пак значително зголемување на цената. Поради тоа, се очекува дека предвидените средства ќе бидат доволни за склучување на договорот за јавна набавка.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка-услуга: превентивно и адаптивно одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: превентивно и адаптивно одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-5639/1 од 26.12.2025 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Точка 5**

Директорот Трајчевски го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка на услуга – одржување на противпожарна спринклер инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и одржување на противпожарни апарати. Објасни дека во деловниот објект се поставени противпожарни апарати, а во подрумите постои спринклер инсталација со систем за гаснење во случај на пожар. Законската обврска на Агенцијата е да обезбеди редовно одржување на овие системи, со цел нивно непречено и безбедно функционирање. Директорот истакна дека јавната набавка ќе се спроведе како групна набавка, заедно со Министерството за спорт.

Претседателот Стефановски истакна дека, според образложението, оваа јавна набавка се спроведува заеднички со Министерството за спорт.

Директорот Трајчевски појасни дека деловните објекти на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Министерството за спорт се сместени во иста

зграда, поради што износот на средствата ќе се распределува соодветно, согласно процентот на користење на објектот.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување, директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка-услуга: одржување на противпожарна спринклер инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и одржување на ПП апарати за период од 2 (две) години.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Одржување на противпожарна спринклер инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и одржување на ПП апарати, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-5639/1 од 26.12.2025 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година, односно истите ќе бидат обезбедени во Финансискиот план за 2027 година.

**Точка 6**

**Разно**

Претседателот Стефановски побара информација за лифтот кој подолго време е надвор од функција.

Директорот Трајчевски информираше дека одржувањето на лифтовите се врши преку избран економски оператор по пат на јавна набавка. Претходната фирма, која ја инсталирала електронската опрема, го поседува кодот потребен за интервенција, поради што новоизбраниот оператор не може да ја изврши поправката. Агенцијата е во тековна писмена комуникација со фирмата, која се одвива отежнато, а доколку не се изнајде решение, можно е постапката да продолжи по судски пат.

Претседателот Стефановски нагласи дека поправката е неопходна за непречено функционирање на работниот процес.

Директорот Трајчевски посочи и на ризик од преоптоварување на вториот лифт.

Советничката Зирјета Јајага праша дали фирмата е запознаена со можните правни последици, на што директорот одговори потврдно, појаснувајќи дека согласно законот поправката може да ја изврши исклучиво новоизбраниот оператор.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

_______________________
**м-р Сашо Стефановски**